## ООУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ СКОПЈЕ - ЦЕНТАР

## Кодекс на однесување на родители

### 1. Почитување на училишната средина

- Родителите се должни да ја почитуваат училишната средина, вработените во училиштето и сите други родители и ученици.
- Секој облик на насилно или агресивно однесување, како вербално така и физичко е строго забранет.

### 2. Комуникација со вработените

- Родителите треба да одржуваат отворена и конструктивна комуникација со наставниците и другите вработени во училиштето.
- Секое недоразбирање или проблем треба да се решава преку цивилизирана комуникација, со почит и разбирање.
- Родителите се дожни комуникацијата со наставниот кадар да ја реализираат во периодот кога наставниците се на работа.(освен во исклучителни ситуации)
- Секој вид на нарушување на приватноста на наставниот кадар како и пишување пораки и телефонски јавувања во несоодветно време не е дозволено.

### 3. Влез во училишната зграда

- Влегувањето на родители во училиштето е дозволено само со претходна најава и добиена согласност од страна на вработен во училиштето.
- Родителите не смеат самоволно да влегуваат во училишните простории или да го прекинуваат наставниот процес.

### 4. Посети и средби

- Сите посети и средби со наставници или друго училишно лице мора да се договараат однапред.
- Родителите се поттикнуваат да ги користат определените термини за средби или да закажат состанок преку училишниот терк за комуникација. (телефонски повик, порака, мејл)

### 5. Учество во училишни активности

- Родителите треба активно да учествуваат во животот на училиштето преку родителски средби и други организирани активности, при тоа почитувајќи ги училишните правила и процедури.

- Учество на училишни настани треба да биде во духот на поддршка и соработка со училиштето и учениците.

**6. Заштита на приватноста на учениците и вработените**

- Родителите се обврзуваат да ја почитуваат приватноста на другите ученици и вработените во училиштето.
- Секое снимање или фотографирање во училишните простории е дозволено само со претходна дозвола.

**7. Одговорно однесување на социјалните мрежи**

- Родителите треба одговорно да користат социјални мрежи кога се однесуваат на училиштето и неговите активности.
- Секое неприкладно коментирање или ширење на информации што можат да го нарушат угледот на училиштето е неприфатливо.

Со овој кодекс на однесување, родителите ќе ја поддржат безбедноста, редот и професионалноста на училишната средина, и ќе придонесат за позитивен училишен амбиент во интерес на сите ученици.